ГЕВГЕЛИЈА



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

## 16.10.2019-Среда

## ПРОТОКОЛ



### Советот на општина денес ќе ја одржи својата 32.седница

Советот на општина Гевгелија денес ќе ја одржи својата редовна 32.седница на која ќе расправа по следниот дневен ред:

1.Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на општина Гевгелија,

2.Предлог-Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија,

3.Предлог-Решение за разрешување и именување членови на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија,
4.Предлог-Решение за разрешување и именување членови во Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиско работење на ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија,
5.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (за животно дело),
6.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (златна плакета бр.1),
7.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (златна плакета бр.2),
8.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (златна плакета бр.3),
9.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.1),
10.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.2),
11.Предлог-Решение за доделување на општинската награда "7-ми Ноември" (сребрена плакета бр.3),
12.Советнички прашања.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

**16.10.2019-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ



**Отворен ден на Основниот суд во Гевгелија**

По повод 25-ти Октомври - Европскиот ден на граѓанската правда, Основниот суд Гевгелија организира отворен ден за граѓаните со цел правдата да им се доближи на граѓаните и да бидат запознаени со нејзиното спроведување.
На 25 октомври10.2019 година на сите граѓани им се овозможува слободен пристап во просториите на Основниот суд Гевгелија. Покрај ова, во просториите на Судот (салите бр. 3 и бр. 4) во периодот од 10 до 12 часот ќе се организираат две предавања на теми од правото на сопственост и семејното право.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

SI ISO 9001 Q-1441

CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

**16.10.2019-Среда**



## Отворена канцеларија на Општина Гевгелија и на ЈПКД"Комуналец"

Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“, тргнувајќи од барањата и потребите на граѓаните, отворија информативно-наплатен пункт во центарот на градот. Отворената канцеларија на Општина Гевгелија и на ЈПКД„Комуналец“ се наоѓа во поранешниот Туристичко информативен центар, бараката на улица „Маршал Тито“ во Гевгелија, до Трговскиот центар.

Во Отворената канцеларии граѓаните можат да **се информираат и да поднесат барања и други поднесоци од надлежноста на општина Гевгелија**, а ќе се издаваат и **обрасци за сите општински услуги**.

Исто така, во Отворената канцеларија ЈПКД„Комуналец“ ќе се врши **наплата на сметки за комунални услуги за физички лица**, а ќе се издаваат и **обрасци за сите барања за услуги** од јавното комунално претпријатие.

Отворената канцеларија започнува со работа од денес, а ќе биде отворена од 9 до 17 часот секој работен ден.

